ИВАН ЏЕПАРОСКИ

# П Е С Н И

С О Д Р Ж И Н А


П ЕСНИ

*СЛИКИ ОД ИЗЛОЖБАТА*

ПРОМЕНАДА

Волја за мисла

СВЕТЛО

Дискобол

Ниобида на умирање

Возар

Хипнос кралот на сонот

Лаокооновата група

ПРОМЕНАДА

Волја за мисла

СВЕТЛО-ТЕМНО

Триумф на смртта

Витез, смрт и ѓавол

Меланхолија

Погребот на грофот од Оргаз

Три грации

Алегорија на сликарството

ПРОМЕНАДА

Волја за мисла

ЛАЗУР

Бојниот брод Темерер

Ѕвездена ноќ

Врисок

Јас и селото

Маски

Композиција

Црвениот концерт

Петел

ПРОМЕНАДА

Волја за мисла

ИСКУСТВЕНИ СЛИКИ

Валпургиска ноќ

Кучиња и книги

Божицата на ловот погрешно е именувана

Љубовната песна на Џ. Александар Пароски

Варварите кого-годе не чекаат

*Е К Л О Г И*

ЕКЛОГИ-ПАТУВАЊА

Патувањето на цветчето-тревка

Каталонија и светоста на семејството

I. Само светоста

II. Само светоста

III. Само светоста

IV. Само светоста

V. Само светоста

Страстниот патувачки субјект

ЕКЛОГИ-ГОДИШНИ МЕНИ

Сон и снег

Прашката пролет на цветчето-тревка

Летна ноќ

Есенска разделбена песна

ЕКЛОГИ-ИСТОЧНИЦИ

Bildungs - Биљарка

Есхатолошка љубов

Кинологијата и кинеската астрологија

Тајната на учителот по пливање

На изворот на брановите

Тогаш и сега

Јужно од љубовта

ЕКЛОГИ-НЕМИРИ

Весниците појаснуваат

I. "Немаше никакви мрачни предвидувања"

II. "Ако се познаваат општите принципи"

III."Советските партиски документи"

IV. "А никој не можеше да претпостави"

ЕКЛОГИ-ОПШТЕЊА

Пречки во врските

I. Минералогијата на љубовта

II. Анима во анимализмот

III. Физиологијата на увото

IV. Ноќ во операта

V. Парафеномените помагаат

VI. Теологијата и телефонијата

VII. Нешто како епилог

*ПОСТ-РУРАЛНИ ПЕСНИ*

Поскок

Мравки

Галичка комарџиска песна

ВЕВЧАНСКИ ДРАМСКИ ИГРИ

Градење на драмата

За сценографијата

За костимографијата

За улогите

За музиката

За социологијата на театарот

Читање поезија во превод

За режијата

На крајот - катарса

ТРИ РАЗГОВОРИ СО КЛИО

Слоевите на историјата

Истражување на историјата

Историските преселби на Охридските води

*СЛИКИ  ОД  ИЗЛОЖБАТА*

**П  Р  О  М  Е  Н  А  Д  А**

**ВОЛЈА ЗА МИСЛА**

Само мислата длабока
просторот не ја разголува.

Времето патува

Слеп патник е тоа
во сечија духовна празнина.

**С В Е Т Л О**

**ДИСКОБОЛ**

(според скулптурата на Мирон, V век п.н.е.)

Тврд замав се чека да прекрши небо-Кербер,
телото до бесвест да го стегне цврсто,
стрела да витка, да разголи мермер.
Шум се слуша на движење првнесто.

Полетува дискот од стегнати прсти,
но грчот го турка во утроба жешка,
го делка, го крши, до годот го брсти,
поигрува молња со згмечена плешка.

Дискот е фрлен, низ празнини лета,
патува долго, простори мери педа по педа,
премавнува разум со брзина света,
в далечини петици на мисла ѝ гледа.

Натфрлено сѐ е - а немоќ е тоа!

**НИОБИДА НА УМИРАЊЕ**

(непознат автор, V век п.н.е.)

Низ плешките се пробива,
празнини ветерот бара,
одмаздата ја впива
и везе крвава шара.
Со каква цел се врзува
за стоногиот тркач?

Тој ли ќе ја чува
под ѕвездениот сач
разголената снага?
Случајната хармонија
се мери на вага.
Телесната еуфонија
не е ничија вина.
Ќе се плати казната,
ќе се голтне горчината,
ќе се уништи приказната
за питагорејците што бдеат
складот да не се сотре.
Тајните сојузи умеат
да ги гонат. Ќе се отне
небото и музиката
на сферите ќе се разложи.
Ќе се разурне сликата,
хаосот ќе се намножи.
Врз врвови на стрели
какофонијата игра балет.
Нозете ѝ се во крв цели,
неуморна е и во налет.
Доаѓаа славни грчки мажи
и постојано се стаписуваа,
поставуваа подвижни стражи
и кон агората кинисуваа.
Четиринаесет парчиња растурени

како да се состават во едно?

Очигледно телата беа спурени,

но недостигаше нешто вредно

сликата да ја вообличи.

Едно суштество без дом,

што на сениште личи,

плачеше над сиот лом.

Од север ветрови задуваа,

со смртта склучија договор,

снегулки по телата расфрлуваа,

снегот стануваше зелен ловор.

**ВОЗАР**

(според склуптурата од Делфи, V век п.н.е.)

Богови истураат од мешини вино

врз прстенот на кој линиести

траги од двоколки се врежуваат.

Замелушени коњи и луѓе се јазат

кон врвот без здив.

До солено тело копје пат изодува.

Меч пресекува со радост узди.

Оптегнато јаже гранчиња во трк

успева да скрши лесно.

Силен си колку и шумот на зрно

од просо што во вода паѓа,

осамен пак колку врв од игла што е.

Сепак, рацете не ти заигруваат,

возару, што исполнуваш небо:

тревје мирисно држат цврсто.

Се чувствуваш ли осамен,

во двоколката со скапоцени инкрустации,

во делот од времето кога

благонаклоност од несреќните грабаш?

Колку достоинство во тело смртно!

**ХИПНОС КРАЛОТ НА СОНОТ**

(според фреска од Тарквинија,

непознат автор, III-II век п.н.е.)

Црвени комуни на подот

Камелеони легнуваат врз нив

Дното ја менува бојата

Кандински оддалеку се смее

Каде да се стапне кога бои

Од под нозе отскокнуваат

Рака се протнува низ

Вратата - извлекува инцест

**ЛАОКООНОВАТА ГРУПА**

(според скулптурата на Полидор,

Атенодор и Агесандер, I век п.н.е.)

Не слушајте совет на смртно тело
планина кога ви говори!
И ова што го велам камен ќе е бело,
ќе се сопнува дискот од заговори
онаму каде птици го воспеваат
со изгубен глас од интриги.
Не ќе ги скокне коњот оние што се сомневаат
не ќе прескокне ни нота ни книга,
како змиски ќе се преслекува крал,
оставајќи насекаде разголени темели.
Но и тоа е доволно да не се најде Светиот Грал.
Жртвите се безполезни кога не постојат цели.
Змиите им ги чистат ушите на момчињата,
но можно ли е тоа кога како задавено снопје
во храмот голобради лежат борчињата.
Мисла се спушти од планината и фрли копје,
повторно смислата се крие во пори,
телотото кога господарски со масите пишува.
Но и мислата е лажна штом стори
воздух копјефрлачот да не вдишува.

П Р О М Е Н А Д А

**ВОЛЈА ЗА МИСЛА**

Само мислата длабока
просторот не ја разголува.

Времето патува.

Слеп патник е тоа
во сечија духовна празнина.

С В Е Т Л О - Т Е М Н О

**ТРИУМФ НА СМРТТА**

(според фреската на Ф.Траини, 1325-1350)

Трчаат коњи споулавени
по песочните облаци зажарени.
Во очите спокојно им
заседнал грешниот свет.
Разголеноста на лешовите
омелушеност кај луѓето создава.
Телата се распаѓаат и надвор
од беззабата рилка што раѓа.

Секогаш ќе постојат билки за кои
сребрени ливади ќе мислат,
ќе постојат златници зелени -

задоволства да се купат со нив.
Отфлете го тоа, заборавете
дека сонцето е црвено и
смртта ќе ве понесе во живот!
Што да се прави?
Дали да се вљубат
во црвеното сонце или
во сребрените ливади?
Билките сепак се сушат.

Залудо го стругате пергаментот,
одговорот веќе втиснат е еднаш.
Реагенс алхемичарот ќе најде
да ги осветли вашите пештери.

Кожата се лупи штом на сонце
без мерка се изложува!

## ВИТЕЗ, СМРТ ИЃАВОЛ

(според бакрописот на А. Дирер, 1513)

И гледа и знае витезот стамен:
безлисна гора не врамува надеж.
Пред него смртта на бел коњ јава,
зад него ѓавол со ликата страши,
на панцирот здивот го чувствува негов.
Смраморува тело стреперено сето,
но стиснати усни тажно се смеат.
Замокот е блиску, на следното брдо.
Сé подолг е патот а времето тече,
гуштерица бега пред глетката гадна,
молк смртен напластува маки,
и стигнува веднаш до светлоста сива.

## МЕЛАНХОЛИЈА

(според Дирерoвиот бакропис од 1514)

Се меша мирис со мирис
Рабести тела на подот
Пливаат во нафталин

Верноста задушена сé уште не е
Шилец од лизгави пипци

Ѕвурил во лика та блада

Пара темнина тој
Но залудно е
Комета в далечина никне

Височината опоменува
Клучеви виолински на појасот
Кон складот упатуваат тие

Под нозете раскош презрен
Во воздухот простор фатил
Молците се гостат од бедната слика

**ПОГРЕБОТ НА ГРОФОТ ОД ОРГАЗ**

(според сликата на Ел Греко, 1586)

Се растегнал
лавиринтот
дури до Толедо.
Се лаже ли,
но сеедно,
измамата тече.
Глетки воспriема
изветреан ацетон.
Конечно тргнуваат

по него. Зазема

позиции погодни

за одбрана од

сонцето. Пред

неговите очи,

ѕидот меуресто

игра. Опстојува

на болни прсти

начната убавина.

И вода ја одлева.

Сништата ќе ги

урне живата сива.

Слушам ли сега

цврчење на тело?

**ТРИ ГРАЦИИ**

(според Рубенсовата слика од 1638-1640)

Мувлосан бил Модиљани штом сликал

Зашилени жалобни жени

Отровот дејствувал силно

Заоблености развлекувал

А коски изнурнувале лесно

Му разурнал нему слепец

Среќа на лубеница сочна

Телото создадено не е за пости:
Картезијанството тврди така

Си сфатил тоа љубовник
На тогаш испилена Елена
И обилието потекло глуваресто
Од трите за блуд податливи тела
Замислете земјотрес строен
Сред тој раскош и среќа
Тела возбудливо се тресат
Сатири наоколу нигде
Од глетката да се сладат
Колку едноставно е сево ова:
Сферичноста впива копнежливи мисли

**АЛЕГОРИЈА НА СЛИКАРСТВОТО**

(според сликата на Вермер, 1667)

Шаховската уметност бара
совршено средени мисли,
одлично познавање на историјата,
значи, пријателство со Клио,
канони за сопствената
полихимнична версификација,
совршени бисери

нанижани од Еутерпа,

фигури што на сцената

беспрекорно глумат

загледани во Талија.

На шаховската уметност

на помош ѝ пристигаат

и другите прекрасни поданички.

Кој ли ги помни имињата нивни?

Секако, латините, та нели TUM PECCET!

Во шаховската уметност

живеат убавите жени.

Музи се тие разиграни

што скаменуваат време,

меридијани газат и семирот

во огнена љубов го впиваат.

Шахистот на штафелајот

испробува варијанти,

го открива јадрото

на видливиот свет.

Светлината врз стварите

и луѓето боса игра менует.

Во шахот разумот

секогаш е долу -

прикован за црно-белите плочи.

Мечтата прозорецот

го прескокнува,

фигурите ги осветлува

и лакот го затега

на внатрешноста нивна.

Складот на сликата

го создава тишината.

Сликарот и моделот се веќе едно.

П Р О М Е Н А Д А

**ВОЛЈА ЗА МИСЛА**

Само мислата длабока

просторот не ја разголува.

Времето патува.

Слеп патник е тоа

во сечија духовна празнина.

Л А З У Р

**БОЈНИОТ БРОД *ТЕМЕРЕР***

(според сликата на Вилијам Тарнер)

Од црви издупчено

Само за широки едра

Дрво гнило служи.

Со јажиња жилет влечен

Врглива вода мазни.

Леснотија го движи.

Црвенило ноќта ја цеди.

Колера како да се земе

Без опашки сиви?

До врба пристигнува

Црн воин по вода

Што чекори цветно.

**ЅВЕЗДЕНА НОЌ**

(според сликата на Ван Гог, 1889)

Небото не знае

за никотинско труење.

Навечер, горе,

дузина догорчиња трепкаат.

Диск прелетува темнина

и пали светулки.

Задишана душа
кожни обетки обрабува
со правта од догорчињата.
Едната обетка е вишок!

**ВРИСОК**

(според литографијата на Едвард Мунк, 1895)

Престравена вода почна
како змија да се влече,
низ тон и звук понираше вешто.
Потна мољња се стркала низ небо,
се свиваше во себе лесно.
Лед ја зеде без да сети,
поларни играчи ширеа подноктица.

## ЈАС И СЕЛОТО

(според сликата на Марк Шагал, 1911)

Како шум што не молкнува,
пред мислите опстојувачи,
запираат често далечините.
Низ брзаците тесни
мислите се провлекуваат,
а далечините се губат.

## МАСКИ

(според сликата на Емил Нолде, 1920)

Желба се затскрива зад превезот.
Зајадрува успокојување.
Доста одлагања!
Привидната многуликост
треба да се оверодостои.
Јатката празнина
полна со шепоти
на исчекувања.
Конечно, може ли
да се говори
за тоа место
без да се уништи

неговото небо,

мозаикот да се растури?

*Атанор* е пропаднат,

миросува некаде.

**КОМПОЗИЦИЈА**

(според сликата на Пит Мондријан, 1921)

Движејќи го лењирот

Односите ги менуваш.

Сонуваш  во фотеља удобна,

Зашто слугата среќата

Ти ја открива на терезија.

Го вознемируваш Дионис

Барајќи космос.

Борбата породува смиреност.

Коработ  плови по линиите црни.

Зошто ја врамуваш

Својата складност?

Дозволи искрата со мерка

Да се пали и гасне,

Оти таа сé уште родена не е,

И нема сила вечно да гори!

*Тимеј* е откупен

За мина злато.

Ни црвено, ни жолто, ни сино

Свет не создаваат.

Белото го вјавнува сивото,

Црното впивач пак е.

Во далечина црниот квадрат

На бела основа

Татковски чувства пројавува.

## ЦРВЕНИОТ КОНЦЕРТ

(според сликата на Раул Дифи, 1946)

Булки никнат во кристалната сала.

Публиката ослепува од силината нивна.

Звуците ги поткреваат здолништата.

Неосетно креваат и нешто друго,

А сепак дамите во мислите се сами.

Кругот е затворен, започнува движењето.

Кристалот пука, подиумот се крши.

Останува само Тарнеровото небо

Тонови пиромански да потпалува,

тело да разгорува, страсти да цеди,

во една мисла сé да збере:

и разум и чувство и звук и боја.

## ПЕТЕЛ

(според скулптурата на Константин Бранкуши, 1924/41)

Во сенката на великиот даб
петелот никогаш не ќе пропее.
Гласот негов нема да подрипне
од сјајот на прекрасното тело.

Ги гледа тој со восхит
извиените човечки гранки
мермерен бакнеж како творат.
Горделивец тој е и самец!

Да се водат кокошките
не е воопшто лесно.
Гласот  треба да е силен,
да му пречи дури и на господ.

"Можен ли е Ахил
со олово и прав . . .
*Илијада* со печатарска преса",
Можен ли е петел,

излиен во бронза,
со гласот ѕвонец
предмети да буди.
Горделивец тој е и самец!

Кокошки со радост води,
Петел над петлите!

Потомок на грофот грозен,

Алкибијадски чувства дели.

Љубов внесува меѓу пердувести

и меѓу златести петли.

П Р О М Е Н А Д А

**ВОЛЈА ЗА МИСЛА**

Само мислата длабока

просторот не ја разголува.

Времето патува

Слеп патник е тоа

во сечија духовна празнина.

ИСКУСТВЕНИ  СЛИКИ

**ВАЛПУРГИСКА НОЌ**

Пожарот молкум ја расече темнината.

Ѕвездената прашина,

од огнот семоќен, падна долу.

Небото се стори огледало.

Купишта ѕвезди останаа,

исткајани во черга,

шарите да ги осветлуваат.

Празнината над главите

отвори нови видици.

Шарите ги јагленосаа,

а метлите сé почесто им

поминуваа преку сводот.

Се истанчил тој дотаму

та што пукна

под притисокот на гледниците.

Потем метлите,  и сопственичките нивни,

ги запалив, Валпурга ми помогна,

пукна нешто,

се почувствував слободен и летнав.

Лебдев во небитието притаено.

Придвижувајќи се  -  го побивав Зенон.

Куглите одеднаш безглаво се раштракаа

создавајќи купишта искршен политир.
Ноктите ми се сторија изгризени до месо.

Како страв да сум видел голем!

Се созедов,
ја исчеткав облеката,

и откако го сторив тоа
почнав од прашината да се оддалечувам.
И поубаво ми беше.

**КУЧИЊА И КНИГИ**

(VI поглавје од *Гробницата за Борис*
*Давидович* на Д. Киш)

Ви даде ли дозвола некој?
Нишката ја пресековте
на занесот со заби.
Душата, сепак, постои,
но Јанусова става има.
Разжилени брчки на лицето
- виска засолн низ нив.
Кадалници обгрлуваат разум.
Споулавува тој од вечното

движење во круг,

и таков  -  зашеметен,

тргнува да освојува.

Но човечкото суштество

не е кенотаф вечен, и

предзнак за безуспешниот обид

станува дискот што плови.

Позлатена лента обвиткува

маслинеста драперија.

Ќе позлати ли и драперијата?

Лимони допрени од Мида

се лизгаат по наборите.

Остаток на тоа обвивање

се златните букви на кориците

од книгите, или мислата

удобно и беспрекорно патува

кога силум се позлатува.

**БОЖИЦАТА НА ЛОВОТ ПОГРЕШНО Е ИМЕНУВАНА**

"Love seeketh not itself to please"

W. Blake

Со векови стрелав сигурно,

во своја шума си ловев мирно,

не трчав по сé што се движи,

среќно живеев а имав и грижи.

Но една ноќ, пред мои очи,
божица на лов со сон се соочи,
заспа сред мојата шума,
тело тивко ѝ втона во ума.

На лакот мој струната се скина
пред таа нежно засводена убавина.
Не можев веќе ловец да бидам,
не сакав ниту да се обидам.

Но се случи нешто чудно:
телото дур´ не ѝ беше будно,
убавина дур´ ме гостеше обилно
семе од земја за´рти силно.

И сфатив, ми рекоа на сонот нејзин слуги,
"Божица е таа, но погрешно ја крстиле други".
Божица што жолт цвет треба да скине
и во друго кралство да премине.

Решив: цвет да не збере ќе се борам,
нека остане она што си е,
вечно, гласно ќе ја корам:
"Немој Кора, Кора, не, нeee . . ."

Не ловец но чувар ќе се сторам,
ќе бдеам врз младоста трепетно
и кој знае во чии шуми ќе горам
и како сé ќе сврши во време летно,

Но колку се чудни тие родители!
Никогаш вистинско име не раѓаат,
создадено именуваат како поробители
а потем со деминутиви се гаѓаат.

И разблажуваат и разнежнуваат
без да знаат за грешка своја,
залудно грешката ја чуваат
без осет за мислата моја.

Ќе знаат ли да ја предупредат
ако мене таму ме нема,
се плашам мирно да не седат
жолто цвеќе штом тргне да зема?

**ЉУБОВНАТА ПЕСНА НА Џ. АЛЕКСАНДАР ПАРОСКИ**

Ако е така како што е,
наближува моето акме,
и крајот на градбите се гледа.
Да мазнам ѕидови сега знам,

мистрија да милувам не ми е срам,
не се грижам за Форин Офис,
поважен ми е месечниот попис:
колку цемент влегува во кубик бетон,
а колку во еден расшалуван сон?
Печатам потписи на чековна книшка,
вишок на вредност создавам лесно,
кружно движам привид  -  наполно чесно!

А в собата жени цртаат куќа на паус
и разговараат за Баухаус.

Во зрела доба, сила немам да здробам камен,
во апогеј, алхемија јалово атакува врз камен.
Ах, колку болки ми задава студенилото твое!
Сакам да пливаш сред Голфската струја,
камена доба да се стопи од нежна алелуја.
"Дојди со мене, ќе пловиме кон богати острови!",
знам, ти ќе смекнеш, таму сé многу се топи,
а заѕидани души пеат легнати под мостови.

Вистина, не ми се брза никаде мене.
Ни ти не брзаш да стигнеш негде.
Ќе тргнеме еднаш, има време,
не ми се брза никаде мене.
Секако знаеш  -  животот е конструкција,
од дрво со црвци, од текстил со молци,

потпирачот паѓа, пелената се распаѓа,
на патот ни стојат прегладнети волци.

Населил в прсти студ и слана,
граматик Георги многу страдал.
Работел ноќе, препишувал триод,
свеќите ги штедел а немал ни храна.
А што знаеш ти за граматик Георги,
за неговите маки ноќни тешки,
тој така морал и знаел зошто:
скапо се плаќа придружбата божја!

"Не гради зданија ноќе!" ти велам.
"Не прецртувај во ноќна доба!"
Велиш: "Можам сонце да преселам
ноќе да ми свети в соба".

А в собата жени цртаат на паус
и разговараат за Баухаус.

Возовите доцнат, коњите доцнат,
а и средбите наши задоцнуваат.
Но што ако еднаш и мугри задоцнат,
што ако вечно остане ноќ?

Тогаш мораш со лењирот в рака

не куќи туку сонца да црташ,
топови на Аврора да чекаш,
и ден да чекаш да дојде
- за да дојде и сон.
Не сонувај дење другарко-божице!
Лажна е твојата трета смена,
ноќта е за љубов одредена.

Ниту така е како што е,
ниту наближува моето акме,
ни крајот на градбите се гледа,
о, каква човечка е тоа беда.

А в собата жени цртаат на паус
и разговараат за Баухаус.

Во материјата не живее никој,
таму секогаш владее ден,
ноќта ја голтна гаден сој,
да уништи среќа предодреден.
Еј, мој цртачу, смел прецртувачу
на Евклидови должини без ширини,
за хамер прилепен патувачу,
заборави да црташ, листови скини!
Остани сам со Спинозината *Етика,*
бори се со неа да уништиш шеми

на геометриска пропедевтика
и да урнеш дефиниции, аксиоми и теореми.

Таму кај што сакаш да избегаш,
иако цокули ораат земја света,
таму и лимон и портокал цвета,
зашто Бог се роди таму еднаш.
Среќен ти пат, стопли си коски,
врело е таму и огнена топка пржи,
само цврсто тело може да издржи
кога му милуваат јадри боски.

Кафето испи го, испуши ја цигарата,
земи го под рака Спиноза,
не биди глупава коза,
остави го домот, измолкни се од барата,
отпатувај далеку ова лето,
заборави на обврски лажни,
заборави ноќи пребдеани тажни,
таму, нека ти е сé исполнето.

А в собата жени цртаат на паус
и разговараат за Баухаус.

А можам ли јас да чекам сам,
имам ли сила сам да седам?
Сепак, полесно е кога не си тука

и кога верувам во лажна наука.

## ВАРВАРИТЕ КОГО-ГОДЕ НЕ ЧЕКААТ

*"А сеѓа шѿо ќе сѿане со нас без варвариѿе?*
*Тие сеѿак беа за нас решение некакво."*
*К. Кавафис*

"Нашиот Бог е семоќен,
со огнени стрели спржува
сѐ што во него не верува.
Нашиот Бог господари
со сенештата во семирот.
Затоа за судбина не знаеме,
од брег на брег пливаме,
и во божества се капиме.
Но неблагодарни не сме!
Жртви секогаш принесуваме
штом завет сме дале
и откако Бог ќе не спаси."

Така варварите му говореле
на Прокоп Цезареецот,
а тој, опитен на перо,
побрзал нив да ги смести,
иако незнабожци, во историјата

што услужно ја запишувал
потајно пекајќи по слава
и по азна што со неа одат.

А на север, крај Балтикот,
еден друг самокажан историк,
понизен биограф и бдејач врз живот
на славен ум - Отон Бамбершки,
запишал поинаква повест
врзана за варварските обичаи.

"Кога богопокорниот мисионер
Св. Бернард стигнал кај варварите
горејќи од желба нив да ги преобрати,
идолите нивни да ги сотре,
реките да ги пресуши
а самовилите да ги задави,
во сиот свој занес, со верба
дека неговиот, вистинскиот
и единствен Бог  е со него,
започнал онака босоног и
бедно облечен да проповеда.
Укажувал тој дека е слуга
на вистинскиот Бог,
творецот на небото и на земјата,
и дека од него самиот е испратен
нив да ги спаси од гревовите.

Но, залудно сé било -
варварите не му верувале.
Дури почнале да го исмеваат:
како може тој кутриот, неугледен,
гол, бос и за жалење воопшто
гласник да биде на врховен Бог
што славен е и полн
со богатства секакви."

Секако белешкиве поучни
на врвните запишувачи
многу помогнале понатаму!
Од нив, сите што да читаат
и да мислат знаеле,
лесно можеле да научат:

Варварите осет за убавина имаат,
кого-годе и какви-годе сакатури
желно тие не дочекуваат.
Треба нив да ги измамиме,
да се промениме треба убаво,
облека од злато исткаена,
треба да облечеме, помалку
ќе треба да зборуваме,
но, веројатно, сево ова
повторно не ќе е доволно
- зашто за варварите ние

не сме којзнае какво решение!

*Е К Л О Г И*

Е К Л О Г И - П А Т У В А Њ А

**ПАТУВАЊЕТО НА ЦВЕТЧЕТО-ТРЕВКА**

Пред да слета врз неисштиркано белите
простирки на дамнешните слики
цветчето-тревка, заборавено, ги минуваше дните
меѓу страниците на Одновите буколики.

Лесно е да се сфати како дошло таму!
Иладници можности се нудат:
веројатно мравка со мака го завлечкала потаму
од заборавот на децата што се будат?

Изникна ли од лесниот сон на секојдневието,
да не се протна низ отворот на патосот
наопаку преповторувајќи го вознесението?
Вака е: пристигна по смртно-пругорните патеки на лососот!

Меѓу езерата и реките Гутемберг те пресуваше,
но ти живо остана, со румени од студ прсти.

За тајната средба телото свое го чуваше,
упорно одбиваше Лине да те покрсти.

Знам, ти чекаше врз градите да паднеш
на оној што ти дари смисла и душа,
како бебе сакаше да спиеш, в сон да огладнеш,
и виното во срцето како врие да го слушаш.

Ти успеа! Силна како дрен е телеологијата!
На градите цветчето-тревка привлекува бакнежи:
се здружуваат еротиката и екологијата.
И по две децении цвеќето носталгично може да разнежи.

А ако при дотерување меѓу ребрата на чешелот стар
го здогледаш цветчето-тревка како се крие,
знај сигурно: твојата коса за него била ноќен бар,
со гостин еден - Дионис го викаа - свеста што ја пие.

Совладај го тетеравењето огледалото да не те сети
дека сношти си го умрел Диониса од викање тури,
дозволи му на цветчето-тревка и во мракот да свети,
меланхолично да нé потсети на Потисоци и Бури.

## КАТАЛОНИЈА И СВЕТОСТА НА СЕМЕЈСТВОТО

I

Само светоста

На семејството

Ме страши сега.

Насекаде свети

Погледи ме следат.

Ми се насмевнуваат:

Од кренатите раце,

Од облеката во

Средината на кругот,

Од нозете што

Следат стари правила.

Сé премногу ревносно

Ме советува:

"Не барај го овде

Своето цветче-тревка -

Светоста на семејството

Танцува во сарданата."

II

Само светоста

На семејството

Ме страши сега.

Насекаде свети

Погледи ме следат.

Ме сожалуваат:

Шарените врвови,

Празнината од

Средиштето на

Недовршената катедрала,

Духот на Гауди,

Топлиот мермер

Од сказни испилен.

Сé што ме опкружува

Совршено насетува:

"Не е овде со тебе

Твоето цветче-тревка -

Светоста на семејството

Се сее од Sagrada Familia."

III

Само светоста

На семејството

Ме страши сега.

Насекаде свети

Погледи ме следат.

Милосрдие ме лази:

Од кренатите распетија,

Од Црната Богородица

Што со векови

Венчава млади души,

Од спокојот на

Каталонското светилиште.

Сé е свртено

Против мене.

Свет глас ме посетува:

"Не се дрзнувај

Овде да мислиш за

Своето цветче-тревка -

Светоста на семејството

Осамнува во Монтсерат."

IV

Само светоста

На семејството

Ме страши сега.

Но никаде свети

Погледи не ме следат.

Љубов се разлева:

Од кренатиот јарбол

На чиј врв

Спокојно плови

Кајчето на Гала,

Од Синдбадовите

Заскитани јајца

Снесени врз домот

На осамениот Салвадор.

Сламката на спасот

Ми се подава сама:

"Само овде можеме

Да сме заедно со

Моето цветче-тревка -

Светоста на семејството
Се распаѓа во Фигуерас."

V

Само светоста
На вљубеноста
Ме исполнува сега.
Никој не ме следи
Додека шетам по Рамбла,
И сé ме потсетува
На моето цветче-тревка.
Уште само да можам
Да ја истуркам од
Мислите последната јанsа:
"А што ако љубовта и
семејството се совмесни?"

**СТРАСТНИОТ ПАТУВАЧКИ СУБЈЕКТ**

Кога решен некаде да отпатувам
размислувам за одбирот
на најдоброто превозно средство,
нужно запаѓам во апории . . .

Возовите премногу ме потсетуваат
на застарена текстилна фабрика,

а врзаноста за шините ме осакатува:
ми ги зема отклоните и страничните движења.

Автомобилите семантички ги презирам,
можеби затоа што не го сакам ниту
борењето во грчко-римски стил, а оттаму и
јазично спортскиот меланж: αυτοσ - mobilis.

Авионите не ме привлекуваат зашто
одлично ја познавам грчката митологија,
иако, лично, секогаш со должен респект
сум се однесувал кон Икаровиот потфат.

Да се оди *пеш по светот*
носталгично е и тажно,
пеш далеку не се стигнува -
само до првите плускавици!

Веројатно и поради сево ова
најсакано превозно средство
си ми Ти, љубов моја растителна:
спокоен сум кога патувам кон тебе,
кога слободно се движам врз тебе,
кога безбедно слетувам во тебе,
и страстно со твоето тело заскитувам по светот.

ЕКЛОГИ - ГОДИШНИ МЕНИ

## СОН И СНЕГ

I

Катаутро во бањата,
Се расонувам долго:
Со студена вода
Го плискам лицето.

На патот кон Замокот
Не разговарам со
Неизметените улици,
Плуканиците на тротоарите,

Непроѕирно валканите глазури
На автобуските полжави,
Реал-социјалистичката пот
Од под пазувите на пат-ал-ниците.

Свесно по пат задремувам,
Процесот е автоматизиран,
Катаден во Замокот
Неизмиен и заспан пристигнувам.

II

Само еднаш во годината

Сосема заборавам

Да го измијам

Своето заспано лице:

Првиот снег ме буди

А јас во Јорданија сум

И среќен ме капат

Топли свети води.

**ПРАШКАТА ПРОЛЕТ НА ЦВЕТЧЕТО-ТРЕВКА**

Што е Прашката пролет

Наспроти пролетта во "Прага"?

Што е бучавата на тенковите

Споредена со шепотењата на душеците?

Што е правта зад железните гасеници

За исушениот воздух во грлата?

Што е стутканоста на студентските души

Пред минијатурата од хотелската соба?

Ништожна е пепелта на Палах

Крај запретаниот жар во нашите тела!

Ништожен е Пулемëт Калашников Танкóвый

Сред нашето заемно прецизно застрелување!

Свенатата Прашка револуција

Може само да коленичи во "Прага"

Пред миризливото цветче-тревка

И нашата развиорена телесна еволуција!

**ЛЕТНА НОЌ**

variatio con А. Сидран

Са ноќ

Среќен

Во небото

Гледам

И ништо

Ништо

Не посакувам

Да разберам

**ЕСЕНСКА РАЗДЕЛБЕНА ПЕСНА**

Да се биде под широка стреа

и ветерот да не го закосува дождот,

да се избега од мразот што се шири

и копнежот по топлина да се следи . . .

Секогаш на есен преселбите започнуваат,
всадени од никого, исти за различни луѓе,
иако бескрајно долго подготвувани
неспремни најчесто нé наоѓаат.

Картонските кутии и старите куфери
лесно се полнат со ситни остатоци
од животот што останал недовршен.
Натежнува прекинатото заедништво
врз предметите спакувани на брзина.
Сé потешки и потешки стануваат тие,
транспортот се усложнува а движењето
кон топлите простори забавено тече.

Домот раѓа бескрајно обилие
од непотребни предмети на есен,
дарежливо било минатото,
затоа и преселбата е тегобна.

## ЕКЛОГИ - ИСТОЧНИЦИ

### БИЛДУНГС-БИЛЈАРКА

Треви спирално се движат
Околу осаменото цветче-тревка.

Треба со нив да сум пријател,

Зашто виреeме врз иста ума.

Педологијата е нашата педагогија.

Северниот ветер ги распостила

Годините на взаемното учење

Што нѐ врзуваат за семејството.

Ќе се смееме заедно со тревите

За да не изумиме дека сме плачеле,

А потем, кога учењето ќе заврши,

За тревите ќе бидеме само плевел.

**ЕСХАТОЛОШКА ЉУБОВ**

Ода небеска

Врел дожд

Истура врз

Нашите тела:

О, да! О, да!

Се митариме . . .

Ритамот нѐ крева,

Пречиста Богомајко,

Отаде Светото Тројство.

**КИНОЛОГИЈАТА И КИНЕСКАТА АСТРОЛОГИЈА**

(за родените 1958)

Кога нашите
Презреани лица
Ќе станат
Хеленска драперија

Кога нашите
Презреани тела
Ќе станат
Ненаместен кревет

Ќе пелтечиме ли
За љубовта?

Учени кинолози
Патемно укажуваа:
Шар-пеи кучињата
Се верни животни.

**ТАЈНАТА НА УЧИТЕЛОТ ПО ПЛИВАЊЕ**

Јас, учителот по пливање,

непливачи што подучувам
сред брзаците на Лета -
прекрасен разработив потход!

Несомнени се моите резултати:
штом водата еднаш ќе се вкуси
неусетно неукоста се заборава -
како никој никогаш  да не бил непливач!

Пеперутки нерамното огледало
го допираат, во него се впиваат,
или пак лесно се одбиваат -
едните одат нагоре а другите надолу!

Стануваат совршени пливачи,
и едните и другите души,
во подводието и во надводието
сега ја величаат мојата слава.

Но основната лекција не се осмелував
да им ја пренесам на подучените -
од длабокото дно на љубовта
сеопфатно надоаѓа Реката-Заборав!

## НА ИЗВОРОТ НА БРАНОВИТЕ

Никогаш не ќе видам
поголеми бранови од оние
здогледани во детството
кога првпат го сетив морето
на плажите во Борик.

Помнам: ги сеев очите
врз синилото што играше
заедно со ветрот
и пред мене се создаваше
слика на река
што протекува
меѓу песокот и небото.

## ТОГАШ И СЕГА

Историјата на нашата древна утопија
долго мечтаеше да излезе
од замокот на зборовите.
Записите на младиот гимназијалец
денес се веќе далечно минато.

А сега, новите душевности,
од затворот на телото,
со моќта на стварноста,
застареноста на љубовта

тврдоглаво ја оповргнуваат.

Тогаш, митот го оформуваше
правописот на љубовта,
а сега, непознати зборови
од речникот на плотноста,
за нас, сé помалку има.

## **ЈУЖНО ОД ЉУБОВТА**

Јужно од љубовта
царството на децата
по кралски пар пека.

Зачнувањето веќе се случило
во некој сé пооддалечен град.
Сеќавањата се свежи: како
цвеќињата на пролет во Прага.

Зародишот се сместил
во топли одаи.
Го грее Каталонското сонце
со благоста на ангелот од Курбиново.

Јужно од љубовта,
со дете в раце,
кралскиот пар пристигнува
во царството на децата.

## ЕКЛОГИ - НЕМИРИ

**ВЕСНИЦИТЕ ПОЈАСНУВААТ**

I

Немаше никакви мрачни предвидувања
Во стариот и славен кинески хороскоп:
Оваа година требаше да биде хармонична,
Спокојна и родна, вистинска година на змијата.
Никаде ниту збор за немири, царски борби
И брутални пресметки меѓу опонентите.
Особено не во времето кога липите цутат,
И не на плоштадот на "Небескиот мир".
Ниту Кунг-фу-це, пред дваесет и шест века,
Средувајќи ја старата "Песнарка" ("Ши Кинг"),
Не ги узна стравотните убиства
Што требаа да се случат во иднината.
Инаку, како да се сфатат стиховите
Од песната за "Уморниот војник"?
"Би сакал под стебло да легнам, да починам,
и царски војник да не бидам повеќе."

II

"Ако се познаваат општите принципи
На движењето на ѕвездите,
Ако се предвидат помрачувањата
На месечината и на сонцето,
Ако се изврши попис на ѕвездите,

И ако се утврди дејството

На нивното зрачење

Врз најсаканите Алахови синови,

Тогаш ќе може со сигурност да се дознае

Времето на соединувањето со Алаха."

Овие мисли ги доближуваше до себе,

Во 823 година од Мухамедовиот *д кон Медина,

Султанот Улуг Бег Мирза,

Внукот на Великиот Тимур,

Гледајќи како мајсторите ги креваат

Ѕидовите на небеската посматрачница,

Тоа Самаркандско далекувидно око.

Не му помогнаа на Улуг Бег силните справи,

Залудни беа астролабите и алт-азимутите,

Залуден беше квадрантот поголем од куполата

На Цариградската Света Софија, не успеа тој

Да го види времето на сопственото соединување.

Згора на тоа, не го одбележа ниту крајот

На месецот шевал од Алаховата 1409 година

(што иноверните ќе ја сметаат за 1989 година),

Како време предвидено за соединување,

За преселба во џеенет на рамносилниот истоверник,

Не султанот, ами ајатолахот Рухолах Хомеини.

Слаби се резултатите на исламската астрономија

Кога станува збор за предвидувањето на смртта!

Но за утеха на неверниците ни во смртно-опасните

"Сатански стихови" на Салман Ружди

Не беше ниту насетен, ниту навестен овој траур!

III

Советските партиски документи

Строго ја санкционираат

Одговорноста за неизвршување

На поставените задачи.

Но кој можеше да претпостави,

Од партиските луѓе, дека таков

Пропуст е сторен при градењето

(Или одржувањето) на Уралскиот

Гасовод, и дека таму гасот

Слободно си истекува и се шири,

Не мислејќи на шалавите возови

Полни со деца и младеж

И со стихиско вкрстени судбини.

Кој можеше да си замисли

Дека советските стамени возови

Ќе посакаат да ги извишат

Кон небото душите на  најмилите.

Оттаму не треба ни да зачудува

Зошто Блез Сандрар не го загатна

Венчавањето меѓу возовите и земниот гас

Во "Прозата за Транссибирската железница

И за малата Жана Французинка"!

IV

А никој не можеше да претпостави,

Дури ни најблиските што ги познаваа,

Дека истиот тој ден, далеку од домот,

Оттргнати од сите светски случувања,

Две тела и две души ќе плачат и ќе се смеат,

Ќе мислат дека ќе можат сé да сторат

И ќе знаат дека сé ќе биде како што е,

Ќе секаваат дека нешто неземно стасува,

А дури следниот ден ќе дознаат

Од весниците* дека нивниот немир

Битно влијаел врз мирот во светот!

* Vesnicite od 06.$# 1989 objavija {to se slu~ilo prethodniot den vo svetot: masakrot na studentite na plo{tadot Tjen An Men (plo{tad na 'Nebeskiot mir') vo Peking; smrtta na Homeini; i te{kata soobra}ajna nesre}a na dvata patni~ki voza vo Zad-Uralskiot region na SSSR.

ЕКЛОГИ - ОПШТЕЊА

## I. ПРЕЧКИ ВО ВРСКИТЕ: МИНЕРАЛОГИЈАТА НА ЉУБОВТА

"*Во кизичкиот пританеј беше сочуван каменот бегалец кој им служел како котва на Аргонаутите. Тој оттаму исчезнувал толку често, што требало да го залеваат со олово*".

Р. Кајоа: "Камења"

Хера и Атена, секоја поодделно,
на сон им прозбореа на Арг и Јасон:
"За градењето на Арго одберете ги
највисоките борови од Пелион во Пегаса.
Водата и огнот немоќни ќе бидат
пред силината на коработ од боровина."

Но, само за себе ја зачуваа
тајната на морепловната лаѓа:
љубов може таа да разгорува
меѓу херојските камења на Хелада
(и Лемноските жени што

мириси милни не познаваа).

Од камењата вљубени во Арго
само еден најсреќен беше -
оној што во утробата на лаѓата
до боровината се впиваше,
оној што не даваше
ветрови да си подигруваат
со вечната негова љубов,
каменот-котва смртно приврзан
за својот свет кораб.
А кога во Арктон храбриот Херакло
ги погуби шестораките џинови
- синови на мајката Геа -
мудриот Јасон од гневот да ги спаси
на разбеснетата мајка бестрашните мажи,
ја посвети Арговата камен-котва
во храмот на Атена во Кизик:
таму да седи, да не плови низ води,
и поблиску да е до Мајка си.

Љубовта на каменот-котва
остана тајна за сé што е живо,
иако ни растопеното олово
не стана пречка за каменот бегалец.

**II. ПРЕЧКИ ВО ВРСКИТЕ: АНИМА ВО АНИМАЛИЗМОТ**

Завет давам: - Ќе основам ред на Св. Јероним!
(Ако таков веќе не постои на светов! )
Секако тој бестрашен маж нé задолжи сите нас,
во пештери со диви животни живееше во слога
и ништо, ништо, не го спречуваше да општи со Бога.

Ќе се посветам на проучувањето
на взаемните односи меѓу ѕверовите -
зашто не знам што ли прават тие
кога туѓите рикања љубовта им ја газат
и исконската природна врска не ја пазат.

Ќе се преселам во осамени планини,
ќе шетам низ искасапени шуми
и низ ливади со совршено искубани перја,
тажен со мене ќе оди, небаре е зоолог,
стариот Брем, денес, всушност, палеонтолог.

Затоа ќе навраќам, nolens-volens,
во градската зоолошка градина -
иако изнудено и тажно решение е тоа:
изборот е стеснет а неприродните услови
нудат можности во големи грешки да се вплови.

Но јас морам еднаш засекогаш да научам

како животните го острат слухот
и како взаемно се наслушнуваат -
кога тајните љубовни разговори
други битија и собитија им ги попречуваат.

## III. ПРЕЧКИ ВО ВРСКИТЕ: ФИЗИОЛОГИЈАТА НА УВОТО

Плодни се твоите истражувања
плоден италијански анатому!
Херувимски фанфари те поттикнаа
меѓу звуци, мириси и вкусови
труби совршени да изнаоѓаш.

Прекрасен научник, велат познавачите,
беше ти Евстахије Бартоломеј,
*йлоден* во секој поглед,
за вистини вистински *борбен син*
пречки на неукост што урнува.

Да не беше твојата труба,
пријатна атмосфера што создава
и притисокот што го намалува
тешко дека ритамот ќе го фатев
на зборовите што крај мене танцуваа.

*Зборови-ковчесйи чекреци се врйеа,*

*Зборови-чекани ламарина свиваа,*

*Зборови-наковални ударите ги впиваа,*

*Зборови-узенгии наслон за звукот даваа,*

*Зборови-тапани внатрешни салви создаваа.*

Сепак, сето сребро и злато на трубата
не го заведува говорот на громот,
глувост некоја ги кине врските,
глуварчињата школката до врв ја исполнуваат,
звучната океанска љубов до мене не допира.

## IV. ПРЕЧКИ ВО ВРСКИТЕ: НОЌ ВО ОПЕРАТА

Лакот на грлото ѝ се затега,
нозете ѝ се подраширено-стабилни,
рацете, пак, вклештено-подвижни,
градите и стомакот: давеничко-надуени.

Изнурнува неспокојно песната на сирената,
по планктоните се јази пругоре,
но јагула на патот ги разнишува скалилата
и гласот пропаѓа повторно во длабочините.

Каква бурна ноќ во операта!
Славната Салома го губи гласот
пред очите на илјадната публика

и главата на љубениот Јован.

## V. ПРЕЧКИ ВО ВРСКИТЕ:  ПАРАФЕНОМЕНИТЕ ПОМАГААТ

За сетилата цврсто приковани,
со старински кламфи споени,
немири носат од време на време -
моќите натприродни се растроени.

Ќе морам еднаш да започнам
окултните вештини да ги учам,
можеби тајните сили со себе ги носам:
јас, херој што магаре јавам
- а магаре барам!

"Магарињата живеат долго.
Никој мртво магаре не видел . . ."
Затоа во ова наше свинско време
доволна е Кумовата слама
за сивчо и за мене.

При пречки во врските
парафеномените се спасот,
ќе ми споможат соѕвездијата
до тебе да допре гласот.

## VI. ПРЕЧКИ ВО ВРСКИТЕ: ТЕОЛОГИЈАТА И ТЕЛЕФОНИЈАТА

"*Кој има уво, нека чуе.*"

(Откровение 13.9.)

192 Кој може светот да го штити,
поредокот да го чува од фарисеи,
среброљупци, развратници и садукеи,
ако не Ти - со очите *огнен пламен*,[1]
со нозете *вжарен бакар*, во устата
што држиш меч со острици две?

193 Кој може пожарите да ги запечати
на *седумте громови*,[2] штом проговорат
со своите гласови во хор, и кој може
*четвртата* гневна чаша[3] да ја згасне
откако врз сонцето ќе се излие,
ако не Ти - Седржителу бел коњ што јаваш?

194 Кој може *болеста на смрт*[4] да ја лекува,

---

[1] (Otkr. 1.14-16)

[2] (Otkr. 10.4)

[3] (Otkr. 16.8.)

да ги исцерува и губавите и слепите,
да ги спасува и бесните и месечарите,
да ги успокојува и изморените и обременетите,
ако не Ти - прв и велик лекару моќен,
што итно помагаш, дури и во саботите.

185 Кој може да знае од кога тече времето
и деновите што како *дим*[5] се разнесуваат,
и кој може вистинскиот час да го узнае
на постанокот на небото и на земјата,
ако не Ти - што си *почеток и крај*[6] и
секогаш што точно владееш со минливото време.

188 Кој може сезнаен да е на светов,
безбројни податоци да помни,
кој може сознанија да има за создавањето
дури и на *новото небо, новата земја*
*и новиот Ерусалим*[7], сиот од злато и јаспис,
Ако не Ти - темелна информациска *Алфа и Омего?*[8]

---

[4] (Jovan 11.4.)

[5] (Psalmi 102.3.)

[6] (Otkr. 1.8.)

[7] (Otkr. 21.)

[8] (Otkr. 1.8.)

3222311 - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

3222711 - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

3251512 Ах ти - Агнецу свет, каде и да се свртам,
кој број и да го завртам љубопитно,
Ти ми се јавуваш - за да ме попречиш!
Не биди толку љубоморен, не скокај во линиите,
не ги кини врските, дозволи ми, Те молам,
спокојно да разговарам со љубената!

**VII. ПРЕЧКИ ВО ВРСКИТЕ: НЕШТО КАКО ЕПИЛОГ**

Добар готвач добро ги измешал
линиите на разните вкусови.
Долгопрст префинет покерџија
совршено ги помешал броевите.

Историјата на лудилото
од добата на класичните врски
царува во телефонската централа:
хаос, гласовна агонија, какофонија!

Кој може да ме спможи сега -
паричките, две линии што спојуваат,
да ги поврзам со писмо и глава?
Никој! Сам ќе треба да го сторам тоа!

А што ако не успеам твојот глас
да го разлачам од музиката на сферите,
што ако космосот несредено се разлее
со сите шумови низ слушалката во мене?

Тогаш ќе ја затнам слушалката со гума за џвакање,
на улица ќе истрчам, и долго, долго ќе трчам,

дури до следната населба ќе стигнам -
од онаа страна на Воинствениот Булевар.

Конечно, дома ќе ти дојдам и тивко, тивко . . .
на уво ќе ти шепотам, а никој да не ми пречи,
нешта што по телефон не можат да се кажат,
на пример: мило ми е што те гледам, а и допирот ми значи!

## *ПОСТ-РУРАЛНИ ПЕСНИ*

### **ПОСКОК**

Се испружил поскок
на селскиот асфалт.
Ја впива пролетната
топлина што под него
Тлее.

Од кривината
автомобил излетува
и го прелетува
цврстото тело.
Пршлените не додржуват.

Секогаш кога мислиш
дека телото нешто

може да го згрее
крајот се наближува.

## МРАВКИ

Растрчани по неваросаните
тенки стебла во вишникот,
мравките го имаа изодено
јулскиот пат кон зрелите
планински вишни.
Го бараа најмалото
отстапување од сферичноста
за таму да започнат
со дупчењето.

Колку ли им е вкусен
слатко-киселкастиот сок?
Од благоста ја добиваат
таа толку потребна сила,
оттаму иде и мравјата
работливост,
а киселоста се користи
како припомош при лачењето
на мравјата киселина.

Совршена мравја преработка

на природните сокови.

И човек честопати од многу работа
добива чир на желудникот!

**ГАЛИЧКА КОМАРЏИСКА ПЕСНА**

Ноќните гости
и ноќните домаќини
со часови се веќе едно.
Саноќ јаваат на исти
дотрајани коњи,
во високи седла
грбот што го потпираат,
со погледи втренчени
во очите на жртвите.
И самите жртви,
но горди на бојното поле.
Вистински асови -
со асови во рацете,
господарат со ноќта.
Мудроста на играта
ја спознале,
во тежок бој
со Тито и Гоце
над главите,

со украдените сабја

и крст на Пулевски,

в раце и на чело,

господарат со црните

лисја и детелини,

господарат со црвените

дијаманти и срца.

Асови над асовите,

сите питомци на

орловски гнезда,

взаемно се мамат!

Летниот хазард

секогаш е најпривлечен,

та кратко е летото

и набргу сѐ ќе се растури!

Рано претпладне,

долгото јавање во ноќта

врз старите столчиња од скај

приврштува со броење

на стадата во своите

нови кожени паричници.

А собирокот секогаш

е рамен на нула.

Неколку стада се намалиле,

ама едно вешто и среќно

многу се зголемило.

Блазе си му на стопанот!

## ВЕВЧАНСКИ ДРАМСКИ ИГРИ

## ГРАДЕЊЕ НА ДРАМАТА

Би сакал да можам
комедија да напишам,
ех, кога би можел
светот да го насмеам!

Постапно ја пребарував
*Поетиката* на Аристотел,
тајните места ги ловев.
Ги колнев ангелите и ѓаволите:
едните зашто скришно
смеата ја кренаа в небо,
другите зашто јавно
ја протонаа в земја.

Без смеење комедија нема,
и жален сум јас комедиограф
штом не ги открив поуките
поетички на учителот велик.
Затоа полесно ќе ми биде

да се обидам во трагедијата.
На планот на умот теориски
нештата таму многу се појасни.
Стариот Стагиранин,
како секој добар мајстор,
убаво ги одбрал сите
потребни за градба материјали.

Цврсти темели на приказната
- трагични лица налик на
камени или тулени ѕидови.
Јунак на трагедијата -
раскрилен пајажинесто
ко´ чатија костенова.
Сé се тоа карактери мазни
на совршено малтерисаните соби.
Стравот и жалта
куќата ја тресат,
а неа сепак ја краси
фасада убава - ах!
што ќе правев без неа,
од каде милини ќе црпев
да не постоеше таа -
т.н. трагична катарса.

Доволно сум учен
за да знам: *трагедијата е*

*подражавање на едно*

*завршено и цело дејство*!

Но стравот оттаму и иде:

дејството што во мојата

драма јас го подражавам

не е ни завршено, ни цело.

Згора на тоа, јас и не сум

некој драмски автор,

но затоа добро ја владеам

селската драматургија.

Сепак, чувствувам дека

ќе биде тоа добра драма.

Можеби затоа што

на мисловен план

корени ќе влече од

Талес Милетјанинот -

а тој, се знае, учеше:

праоснова на сенештото е **водата**.

Би сакал да можам

комедија да напишам,

ех, кога би можел

светот да го насмеам!

Но, не можам. Стварноста ме сили

миметичен трагичар да бидам.

**ЗА СЦЕНОГРАФИЈАТА**

(назнаки и разработка)

Назнаки:

Амбиентална претстава.

Враќање кон природата.

Еколошка рамнотежа.

Сцената не се стилизира.

Реалистичко сценографско решение.

Колективно градење и

зачувување на сцената.

Судири меѓу статистите

на отворена сцена.

Ништо не се подразбира.

Сé е јавно и сé е јадно!

Разработка:

Од пасторална сцена

се преминува на

трагични сценски дејства.

Интервенциите во просторот

однапред се смислени.

Сцената треба да се разурне.

Колективен deus ex machina

во вид на жени и деца

ја попречува активноста
на сценските работници.
Тие се нервозни и зачудени:
не можат да ја извршат задачата
што им ја задал режисерот.
А сцената мора да се расчисти
за да започне новата претстава.
Актерите и статистите
не ја напуштаат сцената.
Соживеани се со улогите.
Сценските работници, исто така.
Публиката, во глобалното
космичко село, со посредство
на медиумите, ја следи
најдолгата траги-комична
претстава на светот.

Над Вевчани Римјаните
ја трасирале Via Egnatia.
Добро што не направиле
и голем аквадукт.
Да имаше -
ќе немаше драма!

**ЗА КОСТИМОГРАФИЈАТА**

Добриот костимограф
тргнува од изворите.
Таму ги наоѓа
и маските и котурните:
со нив сцената ја освојува.

Сé друго е небитно:
дали актерите имаат
на себе модерни костуми,
или актерките носат
на рака шиени забани,
дали младината е во
Levi's фармерки,
или бебињата во
Памперс пелени!
За сценските работници
- нема сомнение -
синиот костум
однапред е пропишан.
Имаат тие и реквизити,
но тоа излегува од
делокругот на костимографијата.

Сцената е освоена.
Античката маска станува
василичарска сакатура:
патосот станува магија.

Сé е можно и сé е стварно:
мажи преоблечени во жени,
попови во антихристи,
мајстори во капиталисти.

Маската на сцената лицето
не го сокрива, напротив,
таа подземното го разоткрива.
Маската на сцената
и во светот владее,
мистерии и култови крие,
тажни арлекини краси
и воини од чатали чува.

Котурните, пак, актерите
до небото ги креваат,
прават  од облаци да гледаат
врз земниот метеж.
Кралеви на сцената,
со суета полни,
се перчат пред светот
што втренчено гледа.

## ЗА УЛОГИТЕ

Од аспект на факторот-човек,
поделбата на улогите
најважна е во театарот.
Иако на сцена сите се исти:
и носителите на главните улоги
и случајно собраните епизодисти.
Секоја лична иницијатива
на актерите строго им се забранува.
На колективната игра глумците
треба да ѝ се подредат.
Но не треба да го изгубат
ниту чувството за импровизација!
Тешки задачи глумците добиваат,
спасот го бараат во суетата своја,
денови на сцената можат да минат
сродени со улогите тешки -
само да знаат дека некој ги гледа,
на играта ѝ се восхитува
и силно им аплаудира.

Чуден сој се тие сојтарии:
на сцена сите се сигурни,
дури и кога ги плукаат
и домати им фрлаат в лице,

само да знаат  дека има
добра  поделба на улогите.
Тогаш претставата е вистински
празник - со *леб и вино*.
Згора на тоа, актерите никој
не може да ги разувери дека
самите ја режираат драмата:

Којзнае, можеби се во право!

**ЗА МУЗИКАТА**

Трагичните драми
денес се тонални.
И личните
и општествените.

Но и порано сите среќни
семејства беа тонални на ист,
а атонални на различен начин.
Музиката и драмата
класично се љубат,
единката и општеството,
и денес, за исти
суштини се спречкуваат.

Од духот на музиката
се роди трагичната драма,
духовниот немир на единката
општествените "вагони" ги влече.
Во оваа земја одите се поточни
од возните редови, а будноста
се заменува со пеењето.
Духот единечен спокоен е и чист.

Што дека музиката
исконски во душите пее,
што дека телото
од стравови го чува!

Шенберг или Штокхаузен,
можеби Кејџ, или пак Прошев,
каква музика да се одбере
за Вевчанската драма?

Офенбах убави приказни
да раскажува умее,
но нашите актери
го следат духот
на битовата драма,
фолклорот го негуваат
и комитски гласно пеат:
"Од Битола до Вевчани

сé сардисано . . ."

**ЗА СОЦИОЛОГИЈАТА НА ТЕАТАРОТ**

Општествениот живот се гради
врз "вистинит" аксиоматски систем.
Театарската стварност твори
животи од сон, од системот изведени.
Животот го живееме или живуркаме,
театарот го гледаме или си одиме.
И општеството и театарот,
тие гозби за телото и духот,
нé хранат со разновидни јадења:
понекогаш сме сити, најчесто многу гладни.

Токму е така во светов -
насекаде спонтани театрализации:
венчавања и разводи,
роденденски торти,
спортска прогноза,
игри на лото,
секојдневно по улици парадираат
подвижни новогодишни елки.

А што да се преповтори
за старите свети театарски игри?

Луѓето во нив внатрешната
екстаза ги носи, и како Исус
по водата одат тие боси.
Литургии се пеат, камбани бијат
(некој од север и оргули донел
- но никој не знае да свири),
по пистата шетаат црнорисци
и класично-вечното го рекламираат.

Но најважна е општествената
театрализација. Со неа се
потврдува постоењето свое,
преврати се прават историски,
занесни говори се држат,
свечени седници се диригираат,
масовни рецитали се подготвуваат.
Режисери и кореографи,
костимографи и сценографи
подготвуваат дефилеа и паради,
церемонијал-мајстори се грижат за
добар прием, слика, камери и микрофони.

Социологијата на театарот
е новосоздадена дисциплина,
сé уште себеси се бара и затоа
од корените свои тргнува.
Со неа полесно се сфаќа

сличноста на театарската игра

со општествените театрализации.

Конечно, елејски е да се тврди:

"сé е едно и едно и сé"!

Во селата драмскиот аматеризам

со години цути иако традиција нема.

Но аматеризмот е повидлив

штом ќе излезе на отворена сцена.

## ЧИТАЊЕ ПОЕЗИЈА ВО ПРЕВОД

На Стенфорд Универзитетот

- во Калифорнија,

една жена го чита

Блејк преведен на македонски.

Во Вевчани, Западна Македонија,

на еден друг Универзитет,

селски учител го чита

истиот тој превод.

Таа повеќе се задржува

над "Песните на невиноста"

а тој ги проучува

"Песните на искуството".

Доброто и злото
секогаш заедно одат.
Историчар на уметноста
од Филозофскиот факултет
во Скопје, потребен е сега:
стварноста да ја скамени
во протоуметнички правец
наречен просто: нео-манихеизам.

Евклид подучуваше:
кога две оддалечени
точки ќе се спојат
се добива права
(должина без ширина).
Сепак, правата не е
веќе права - почнува
лесно да вибрира.

Наелектризирана е силно
и како јаже за спортување
тргнува рамномерно да кружи
во просторот, од Вевчани до
Стенфорд, а земјината топка
во ритам, со судни маки,
потскокнува. Најтешка дисциплина:
ритмичка - електрична - гимнастика.

**ЗА РЕЖИЈАТА**

Во градежништвото режијата
со работниците самува.
Не е таа ни трошок ни расход,
режијата е секогаш сопствена режија,
попросто кажано таа е начин на
живеење на градежното претприемање.
Богатство е да работиш
во сопствена режија.
Во таквиот концепт
сите се режисери:
едни се цврсти но ситни,
катадневно режираат "на мало",
има троа поголеми,
тие го режираат работењето
на режисерите "на ситно",
но тука се и режисерите
за масовки специјалисти,
крупни риби што рипчиња голтаат.
Преполн е градежот со режии,
режиските часови постојано течат.

Еден пост-марксистички театролог,
на семинарот по режија,
одржа предавање под наслов:

"За уметноста на режијата".
Предавањето имаше и поднаслов:
"Најуспешна режија е онаа што
не се чувствува како режија".
Таквата режија, според зборовите
на првиот дискутант (режисер-теоретичар)
е како дупката на ѓеврекот:
ништо е, празнина е, дупка е,
но без ништото, без празнината,
без дупката - нема ѓеврек!
Плодна расправа се разви потем:
се повикуваа на помош Арто и Гротовски,
сурови и сиромашни диспути се водеа,
режијата во центарот на теренот ја фрлија,
ја префрлаа од еден во друг казнен простор,
а не сетија ни малку: режијата започна
дискусиите нивни да ги режира!

**НА КРАЈОТ - КАТАРСА**

Во "градот убав кој
пак ќе никне" (Пиколомини)
секојдневни прашања се множат:
Незагорена храна има ли за ручек?

Наутро, во градот сé спие.

А зошто и да не се спие кога
дури и утринските весници
се читаат претходната вечер.

Напладне, во градот,
сее селото *стрaв*: наплив е тоа
што се шири како шина од пруга
облеана од силно сонце.

Приквечер, *жалта* се превиткува
како дрвено градежно метро.
А црешите без престан
прецутуваат во дворот.

Што ќе биде со плодовите
од олово натежнати?

Низ страв и жал селото го
пречистува градот!

## ТРИ РАЗГОВОРИ СО КЛИО

## СЛОЕВИТЕ НА ИСТОРИЈАТА

Се пластат празнините камени,
врел ветер во слоевите вилнее,

Хајнрих со занес го надгледува
копањето на иноверните работници.

Сиот имот на германскиот
археолог-аматер се арчи бадијала.
Толку далеку од домот свој
да се вложува тешко спечаленото
во прекопување на хисари
- вистинска е лудост!

Сите слоеви што ненужно
изнурнуваат, во заграда
треба да се стават!
Совршена феноменолошка редукција
прецизно треба да се спроведе,
та дури потем од седмиот слој
да се прочита звукот на ветерот
од косите на грабнатата Елена.

Не Хусерл туку Хајнрих Шлиман
ја откри феноменологијата,
прецизно следејќи го
слепиот рапсод-археолог.

**ИСТРАЖУВАЊЕ НА ИСТОРИЈАТА**

Ако веруваш во развојот земен
цикличната теорија на историјата
сериозно не смееш да ја сфаќаш!
Остави го Тојнби, заборави дека
тој низ нашиве предели патувал,
кога патем го навјасала
старата мисла за вечното враќање.
Но ако си историчар што веќе
во прогресот се сомневаш,
сериозно зачекори во кружењето
и смело преповтори го
*истражувањето на историјата.*

Не дозволувај им на државниците
да ја толкуваат историјата,
зашто цикличноста најјасно
над Балканот како сениште кружи
а над Охрид и циклон може да стане
што езерото в небо ќе го вшмука.

**ИСТОРИСКИТЕ ПРЕСЕЛБИ НА ОХРИДСКИТЕ ВОДИ**

"Каде се нашите . . ." спокојни зборови
расеани од старите свети книги?
"Каде се нашите . . ." суви параграфи
исцедени од нови профани законици?

"Каде се нашите . . ." лозарски песни
што жедта на грлото ја гаснеа?

Жедниот човек не умира жален
од жед за зборови, профани или свети,
до него "смртта ќе стаса . . ."
кога очите не ќе му пловат веќе
по водите од кои некогаш
и небото се храбреше во Охрид.

И ако се случи езерото до капка
да пресуши, или пак водите да
истечат во новото Панонско Море,
и ако се случи далгите да ги привлече,
според законот на сврзани садови,
жедниот и осамен Pont Euxinus,

и ако се случи дури и името новите
византијци да не му го изговараат,
заслепени од неговата светлина,
дур црни орли над него кружат,
борејќи се со штркови
што седала си заборавиле,

дури тогаш, и само тогаш,
кога очите во Охрид,
на дното од езерото,

новата Беласица

ќе ја здогледаат -

од жед ќе ослепат вчасум.

*(Скопје, 1998)*